Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на продолжението на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 12-2127/1 од 05.08.2024 година оформен по пријава со наводи против лицата од поранешниот Управен одбор на АД ----, а сега на директорски позиции во АД ---- Подружница ----: ----, ----, ----, ----, ----, **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите во пријавата бр. 12-2127/1 од 05.08.2024 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

За констатираните прекршувања на законските одредби од страна на поранешните членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор на АД ----, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Предметот со бр. 12-2127/1 од 05.08.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од непознат подносител на ден 05.08.2024 година поднесена е пријава против лицата од поранешниот Управен одбор на АД ----, сега на директорски позиции во ---- (понатаму: АД ----), Подружница ----: ----, ----, ----, ----, ----и оформен е предмет бр. 12-2127/1 од 05.08.2024 година. Пријавените лица, наведени во пријавата, биле членови на поранешниот Управен одбор на АД ----, а воедно и вработени на директорски позиции во организациони единици во ----. Со статусна промена – присоединување на АД ---- кон АД ----- ----, овие лица по престанок на функциите како членови на УО

останале во работен однос во АД ----, што било незаконски бидејќи вработувањето во трговските друштва во државна сопственост е единствено преку јавен оглас. Како оправдување за таквиот начин на вработување биле користени потпишани менаџерски договори врз основа на кои им било овозможено да изберат дали ќе останат во АД ---- или ќе се вратат на старите работни места од каде дошле пред изборот. Дополнително, гореспоменатите лица добивале и средства во вид на апанажа врз основа на менаџерски договор во висина од целосни 12 плати, што претставува дополнителни приходи на редовната плата која ја добивале, што значи дека како вработени во АД ---- би добивале редовна месечна плата и плус уште една плата согласно менаџерскиот договор.

Со цел  проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на податоци и документација до АД ----, од каде е доставена бараната документација.

По разгледување на доставената документација е утврдена следната фактичка состојба :

Владата на Република Северна Македонија на 52-та седница одржана на ден 14.06.2022 година, во својство на Собрание на АД ---- донела одлука да отпочне статусна промена – присоединување на АД ---- кон АД ----. Истовремено го овластила Управниот одбор на АД ---- да склучи Спогодба за присоединување.

АД ---- и АД ---- на ден 18.08.2023 година склучиле Спогодба за присоединување на АД ---- кон АД ----.

Истиот ден 18.08.2023 година, Управниот одбор на АД ---- донел Одлука за усвојување на Спогодба за присоединување на АД ---- кон АД ----, заведена под УО. бр. 02-5145/450/1 од 18.08.2023 година. На состанокот, во својство на членови на Управниот одбор на ---- учествувале пријавените лица.

Владата на РСМ донела Одлука за потврдување на Спогодбата за присоединување на АД ---- кон АД ---- заведена под бр. 41-633/3 од 30.01.2024 година.

Во член 10 од Спогодбата за присоединување се предвидени погодности за членовите на Управниот одбор на друштвото кое се присоединува – во случајов АД ----, на кои функцијата им престанува поради статусната промена – присоединување, правата кои им произлегуваат од одредбите на Договорите за уредување на односите помеѓу Друштвото и Претседател/член на Управен одбор ќе ги остварат во друштвото коешто презема, односно АД ----.

АД ----, согласно член 11 од Спогодбата за присоединување, на сите вработени во АД ---- им го продолжила работниот однос во АД ----, Подружница ----, со тоа што

пријавените лица со постапка за преземање биле вработени во АД ----, со исклучок на лицето ---- кој остварил право на пензија во АД ----.

Истиот ден, 18.08.2023 година кога е склучена Спогодбата за присоединување на АД ---- кон АД ----, Надзорниот одбор на АД ---- со пријавените лица склучил поединечни Анекси на Договор за уредување на односите помеѓу друштвото и член на управен одбор согласно кој, Генералниот директор и вработени на директорски позиции во организациони единици во ---- во Друштвото, се овозможила исплата на надоместок во еднократен бруто износ сметајќи ги сите плати кои би ги примил во период од една година и при статусна промена на друштвото.

Имено, пред склучување на анексите, за , Генералниот директор и директорите во АД ---- не била предвидена погодноста при идно преземање на АД ---- од страна на друг правен субјект, истите да останат во работен однос согласно степенот на нивната стручна подготовка во друштвото преземач, како и да им се исплатува надоместок во еднократен бруто износ при престанок на функцијата поради статусна промена на друштвото.

Преземените дејствија поврзани со склучување на анексите и временскиот период кога тие се сторуваат даваат сомневање дека по сознанието за настанување на статусната промена на двете трговски друштва, Надзорниот одбор на АД ---- со пријавените лица презема конкретни дејствија преку склучување анекс на договори со цел создавање погодност за поранешните членови на УО за исплаќање на надоместок во еднократен бруто износ во траење од 12 месеци по престанок на фукнцијата, која погодност претходно не била утврдена во основните договори.

Потоа, врз основа на договорите за уредување на односите помеѓу Друштвото и член на Управниот одбор и склучените анекси на договори, до АД ---- биле доставени барања за исплата на надоместок од страна на членовите на поранешниот Управен одбор на АД ----. Со барањата пријавените лица барале да им се исплати надоместок во еднократен бруто износ сметан од сите плати кои би ги примиле во период од една година од престанувањето на АД ---- поради статусна промена, согласно склучените Договори за уредување на односите помеѓу Друштвото и член на Управниот одбор (сите склучени за период од 4 години) и нивните Анекси склучени со сите сега поранешни членови на Управен одбор на АД ----, на ден 18.08.2023 година.

Постапувајќи по горенаведените барања, Управниот одбор на ----донел Одлуки за склучување на спогодби со кои се регулира начинот на исплата на поранешните членови на Управниот одбор на АД ----.

Видно од дополнително прибавената документација, на ден 14.05.2025 година, која покрај останатото содржи и Извод за промени на состојбата на средствата на сметка на АД ----од 19.08.2024 година, како и Табеларен преглед со податоци за поднесување

на пресметка до Управата за јавни приходи за исплата на персонален данок за надоместок на директори, број 1 (за месец јули 2024) и број 2 (за месец август 2024), се констатира дека АД ---- во два наврати извршила исплата на средства на поединечните трансакциски сметки на лицата, врз основа на горенаведените Барања за исплата на надоместок, поднесени од страна на: ----, ----, ----, ---- и ----, и тоа во вкупен нето износ од 1.265.777,00 денари.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, ДКСК утврди дека пријавените лица во својство на поранешни членови на Управен одбор на АД ----, со поранешните членови на Надзорен одбор на АД ----коишто ја донеле спорната Одлука за склучување на анекси на Договорите за уредување на односите меѓу Друштвото и членовите на Управниот одбор бр----од 18.08.2023 година, создале погодност спротивно на закон, поранешните членови на УО на АД ----, истовремено да примаат надоместок врз основа на анекс Договорите и приходи по основ на месечна плата за редовен работен однос во АД ----и истата била искористена за два месеци, што укажува на постоење основи за сомневање за злоупотреба на службена положба на пријавените лица и незаконско користење на буџетски средства на АД ----. Оттаму, ДКСК утврди дека наводите се потврдуваат и согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси против горенаведените лица ќе иницира постапка до надлежен орган, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D. -член/anëtar